# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

**04 март 2008**

**Предмет: Промоција на албанското издание на книгата „Следните граници на Европа“ од ЕУ Комесарот за проширување д-р Оли Рен**

На **6-ти март 2008 година**, **Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД** заедно со **ЈИЕ Универзитетот** ја организира промоцијата на албанското издание на книгата „**Следните граници на Европа“ од ЕУ Комесарот за проширување д-р Оли Рен.** Промоцијата ќе се одржи во просториите на бизнис центарот на ЈИЕ Универзитетот во Тетово. Издавач на албанското, како и на македонското издание на книгата „Следните граници на Европа“ е Институтот ОХРИД од Скопје. На промоцијата ќе присуствува дел од студентската јавност од Македонија, врвни академци и професори како од македонска така и од албанска национална припадност на кои специјално обраќање ќе има ЕУ Комесарот д-р Оли Рен. На промоцијата на албанското издание на книгата покрај Комесарот д-р Оли Рен свое обраќање ќе имаат и д-р Алајдин Абази, ректор на ЈИЕ Универзитетот, Амбасадорот на Република Македонија во Брисел, д-р Блерим Река, како и претставник на Институтот ОХРИД.

На 8-ми февруари 2007 година, Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД ја издаде македонската верзија на книгата „Следните граници на Европа“ од Д-р Оли Рен. Издавањето на албанската верзија на книгата од ЕУ Комесарот д-р Оли Рен, преставува своевидно продолжување на традицијата и можност за промоција на книгата меѓу албанската популација во Македонија и пошироко.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk